Бр/Nr. 02-12994/1
Скопје/Shkup 29.12.2023 година/viti

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈАТА**
**НА ЈАВНОТО ПРЕТПРТИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**
**ЗА 2024 ГОДИНА**

Јавното претпријатие за државни патишта го донесе овој План за проценка на ризици од корупцијата, каде главна задача ќе биде навремено препознавање на ризиците од корупција и предлагање на соодветни мерки за отстранување на ризиците и ќе биде водич за понатамошните активности кои Јавното претпријатие за државни патишта ќе ги преземе за борба против корупцијата.

Јавното претпријатие за државни патита како институција која врши работи од јавен интерес има за цел да воспостави систем на мерки кои ќе овозможат процена на ризиците од корупција, справување со корупцијата и идентификување на причините, условите и факторите кои ја овозможуваат.

Притоа, јавниот интерес, онака како што е дефиниран во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, претставува „заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата“

Под корупција, во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, па имајќи предвид дека корупцијата ги загрозува правата на граѓаните, ја оневозможува правдата, го осиромашува општеството и ја поткопува правната држава, неопходна е борбата против корупцијата да биде постојана обврска на секој вработен во Јавното претпријатие за државни патишта.

Обврска на сите вработени е при извршување на работните задачи да постапуваат согласно уставот, законите, да манифестира висок степен на интегритет во работењето, да ги препознае облиците на корупција и да поседува способност да се спротистави на корупцијата.

Со овој план се зајакнуваат капацитетите и се воспоставува синхронизиран систем за ефикасна функционалност на институцијата против корупцијата, за враќање на довербата на граѓаните и за општество ослободено од корупција и тоа преку следните цели и активности:

**1.Јакнење на интегритетот на вработените во ЈПДП**

Посебен акцент во борба против корупцијата се става на унапредување на личниот и професионалниот интегритет на вработените од кои се очекува при извршувањето на

работните задачи да применат соодветни знаења, етички капацитет, чесност и да работат во корист на јавниот интерес и на зголемување на довербата на јавноста.
Поимот интегритет подразбира законито, независно, непристрасно, етичко одговорно и транспаретно вршење на работите со кои вработените го чуваат својот углед и угледот на претпријатието.
Поимот интегритет во себе го вклучува индивидуалниот и институционалниот интегритет.
Индивидуалниот интегритет подразбира личен однос кон прашањата на корупција, судирот на интереси, јавниот интерес и способност да се изгради отпорност.
Институционалниот интегритет значи отпорност кон корупција и подразбира воспоставен систем од политики, стандарди, механизми и процедури кои го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на вработените, а воедно ги мотивира кон чесен и професионален однос при извршување на работните обврски.
Јавното претпријатие континуирано ќе работи на јакнење на интегритетот на лично и институционално ниво, со цел одржуавње и развивање на довербата на јавноста.
Вработените во претпријатието се должни да ги почитуваат и спроведуваат законските прописи, подзаконските акти, интерните процедури, совесно, одговорно, стручно и непристрасно. Вработените мораат да се однесуваат етички, без оглед дали се на работа или не. Само со професионално, законско и етичко постапување ќе се зајакне интегритетот на вработените, а со тоа и ќе се придонесе за отстранување на можноста за појава на корупција.

## 2. Почитување на кодексите

Секој вработен во јавното претпријатие потребно е да има висок степен на познавање на етичките кодекси.
Кодексот за административни службеници како и Кодексот за однесување на вработените во Одделението за наплата на патарина и контрола, со кои се запознени сите вработени во претпријатието и кои се јавно достапни на веб страната на Јавното претпријатие за државни патишта, се основите за етичко однесување на сите вработени. Секое непочитување на кодекот од страна на вработените претставува основа за поведување на дисциплинска постапка.
Со кодексот за административни службеници се пропишуваат етичките стандарди и правилата на однесување на административните службеницици и целта на овој кодекс е поттикнување на доброто постапување и однесување на административните службеници и зајакнување на довербата на граѓаните во работата на институциите на јавниот сектор.
Основни принципи во работењето за вработените во одделението за наплата на патарина и контрола, согласно Кодексот се:
-Стручност, совесност, чесност и одговорност во вршењето на работните задачи и обврски во согласност со Уставот, законите, подзаконските прописи, општите акти на Јавното претпријатие за државни патишта, ратификувани меѓународни договори, без дискриминација или повластување и без никаков личен интерес
-Посветеност во работењето

-Чување на својот углед и достоинство и угледот на Јавното претпријатие за државни патишта, со избегнување на ситуации и однесувања кои можат да наштетат на интересот или угледот на Јавното претпријатие за државни патишта
-Избегнување на користење на статусот или влијанието за задоволување на сопствените материјални и лични интереси, интереси на членовите на нивните семејства
-Избегнување секаков вид на етичко некоректно однесување
-Почитување на туѓите права и достоинство
-При извршување на своите работни задачи работниците да не се раководат од свои политички уверувања, лични, финансиски интереси и да не ги злоупотребува своите овластувања.

Заради спроведување на кодексите потребно е системски пристап кој ќе овозможи Кодексите да биде разбрани, прифатени и имплементирани од сите вработени во Јавното претпријатие за државни патишта.

**3,Спроведување на проценка на ризик од појава на корупција**

Работењето во Јавното претпријатие за државни патишта, како и во секоја институција може да биде подложна на коруптивно однесување. Проценката на ризикот од корупција ќе овозможи воспоставување на систем за превенција на корупција базиран на докази и ќе овозможи со ефикасно користење на расположивите ресурси да се постигне остварување на резултати во борбата против корупцијата. Потребно е јасно да се идентификуваат категорите на работни места со најголем ризик од корупција. Од тие причини потребно е да се изнајде модус преку обуки на вработените од областа на процена за ризик и управување со ризик, но и вклучување на Одделението за внатрешна ревизија за наоѓање на начини да се проценат главните ризици од корупција и да се направат методологии со предложување на мерки за намалување и отстранување на различните форми на ризици.
Правен акт кој го регулира управувањето со ризиците (од корупција) во јавниот сектор е Законот за спречување на корупција кој треба да биде водилка при Проценката на ризикот од корупција.

**4.Воведување на пропишани процедури за работа на работните процеси во ЈПДП**

Јакнењето на интегритетот на институциите е особено значајна тема како за процесот за реформи во јавната администрација, така и за спречување на корупцијата.
Имено, за да се спроведе транспарентноста во работењето на институцијата, одговорност, отчетност, етично работењето на вработените или професионална и деполитизирана администрација и остварување на квалитетна администрација во која корупцијата е сведена на минимално ниво треба да постојат пишани процедури за работа на работните процеси во Јавното претпријатие за државни патишта во секој сегмент и област од работењето.
Во Јавното претпријатие за државни патишта постојат пропишани процедури, кои треба постојано да бидат ажурирани и подобрувани согласно работни процеси на организационите единици во претпријатието, како и следење на постапувањето на сите вработени.

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

На овој начин ќе се елиминираат ризиците за појава на коруптивно однесување на вработените во Јавното претпријатие.

**5.Професионализација, департизација и деполитизација на вработените**

Професионална департизирана администрација, заснована врз заслуги е основа во борбата против корупцијата. При вработувањето во јавното претпријатие треба дословно да се почитуваат сите процедури и законски прописи особено Законските и подзаконските акти согласно кои се врши вработување и унапредување на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта, односно Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за јавните претпријатија и Законот за работни односи. Исто така треба да се воспостави воедначена процедура за селекција и назначување на раководните позиции, темелена врз начелата на заслуги, еднаков пристап до работно место под еднакви услови, соодветна и правична застапеност и родова еднаквост.

Работните задачи потребно е да се вршат политички непристрасно, без влијание на личните, политички уверувања и финансиски интереси со доследно почитување на целите, угледот и интегритетот на Јавното претпријатие за државни патишта.

**6.Континуирани обуки на вработените**

Вработените во Јавното претпријатие за државни патишта потребно е да ги исполнуваат високите барања поврзани со вид на образованието, квалификациите, угледот, личните и професионалните компетенции при работењето, па од тие причини јакнењето на интегритетот на вработените и градење на култура на нетолерантност кон корупцијата, преку посетување на обуки од областа на борба против корупција, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и наоѓање на можности и соодветни обуки од областа на интергитетот и личниот и персоналниот развој, кои ќе им бидат предложени на вработените, како и охрабрување на вработените да се насочат и самите покажат интерес за наоѓање и посета на обуки кои во насока на обезбедување зголемена ефикасност во работењето.

Обуките кои ќе се спроведуваат можат да бидат генерички, преку МИОА, како и специјализирани и ќе се спроведуваат за сите вработени во Јавното претпријатие за државни патишта, па истите се должни стручно да се оспособуваат за работата што ја извршуваат на своето работно место, за стекнување на вештини и знаења низ организирани програми.

**7.Зајакната контрола и надзор на јавните набавки**

Анализа на јавните набавки од претходната финансиска година. Зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки, преку спроведување на обуки за јавни набавки за сите вработени во Секторот за јавни набавки и на што поголем број на вработени кои учествуваат во Комисиите за јавни набавки.

Целосно функционирање на основните принципи на јавните набавки: транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските

средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства кај набавките.

**8.Јакнење на принципот транспарентност во работењето**

Преку доближување на услугите кон граѓаните, се зголемува транспарентноста, ефективноста, ефикасноста, пристапноста, контролата на претпријатието и се зајакнува довербата на граѓаните што е основа во борбата против корупцијата.

Доследно спроведување на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер преку објавување на информациите од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактерна веб страната на институцијата и навремено реализирање на обврските од истиот закон. За таа цел, Јавното претпријатие за државни патишта има назначено службено лице за посредување со информации од јавен карактер во Јавното претпријатие за државни патишта, чии податоци се јавно достапни на веб-страницата на претпријатието.

За ефективна и ефикасна борба со корупција, институциите треба да имаат и ефикасни и ефективни механизми за управување со процесот на следење и мониторинг на состојбата со корупцијата, како и за состојбите во однос на судир на интереси, интегритет и примање подароци, како аспекти кои се во директна врска со корупцијата. За таа цел, Јавното претпријатие за државни патишта има назначено овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување во Јавното претпријатие за државни патишта, чии податоци се јавно достапни на веб-страницата на претпријатието.

**9.Обврска за имплементација на планот за спречување на корупцијата.**

Спроведувањето на политиката за интегритет и спречување на корупцијата е одговорност на сите вработени во Јавното претпријатие за државни патишта. Донесувањето на овој план за проценка на ризиците од корупција, наметнува обврски за сите организациони единици. За реализација на обврските од Планот и со координирани активности на сите организациски единици во Јавното претпријатие за државни патишта можеме да се справиме со корупцијата како општествено негативна појава.

Имплементацијата на Планот за проценка на ризиците од корупција е обврска на сите раководители на организационите единици во Јавното претпријатие за државни патишта кои треба да ги запознаат вработените со планот за спречување на корупција.

Годишниот план за проценка на ризиците од корупција ќе биде објавен на веб страната на Јавното претпријатие за државни патишта.

Директор
Ejup Rustemi

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk